**ЗАПИСНИК**
**од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.03.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески (отсутен)

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексовска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека поради претходното патување на г-дин Јанчески во Франција, тој ќе биде отсутен од седницата бидејќи се наоѓа во самоизолација, односно се придржува на мерките на Владата за заштита од корона вирусот. Во однос на Дневниот ред информира дека насловот на Точка 3 кој гласеше „Предлог - одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје“ бидејќи радиодифузерот платил ќе се преформулира во „Предлог-Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје“.

Советот на Агенцијата, со предложената корекција на насловот на Точка 3, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2020 година.
3. Предлог – решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.

4. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Дебар.
5. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ.
6. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.03.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог – решението за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека радиодифузерот во целост го плати годишниот надоместок и бидејќи се исполнети законските обврски од негова страна, се предлага да се запре постапката.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година.

На 11.03.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 194.239,00 (сто деведесет и четири илјади двесте триесет и девет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е позитивна вест и му посака на радиодифузерот следната година да не се соочи со вакви финансиски проблеми и средствата за годишниот надоместок да ги уплати на време.

**Точка 4**

Раководителката на Одделението за нормативно – правни работи м-р Ивона Муфишева ја образложи Предлог-одлуката за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Дебар. Објасни дека по повод Писмено барање од заинтересирана страна

физичкото лице Газменд Лечини од Дебар за отворање на едно радио во Дебар со околината и Студијата за утврдување на оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио на локално ниво, Агенцијата на 1-та седница одржана на 03.01.2020 година донесе Одлука за објавување јавен конкурс за доделување една дозвола за програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски и албански јазик, на локално ниво на подрачјето на општина Дебар кој ќе се емитува преку радиофреквенција доделена од страна на АЕК и тоа 104.7 MHz. Одлуката за објавување на овој јавен конкурс беше објавена во Службен весник бр.3/20. Рокот во кој беше утврдено дека може да се поднесуваат пријави по конкурсот изнесуваше 60 дена. Заклучно со 09.03.2020 година до Агенцијата не е доставена ниту една пријава. Со оглед дека законското решение во член 75 став 1 од ЗААВМУ предвидува дека јавниот конкурс за доделување дозвола е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите на конкурсот, а со оглед на тоа дека не е примена ниту една пријава се предлага да се донесе предложената одлука.

Г-дин Петрушевски праша дали имаат информација зошто тој што го побарал конкурсот не се јавил и не поднел пријава?

Раководителката Муфишева одговори дека немаат таква информација. Во консултација со Секторот за финансии и логистика има само информација дека ниту еден нема подигнато конкурсна документација ниту пак има извршено уплата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за неуспешен Јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на македонски и албански јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа 104.7 MHz, објавен врз основа на Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво Уп1 бр.08-575 од 03.01.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/20), поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 09.03.2020 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше примена ниту една пријава.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ. Објасни дека на овој радиодифузер му е одземена дозволата. Законската процедура налага потоа да има седница на која ќе биде донесена одлука за бришење од регистар.

Г-дин Петрушевски се согласи дека оваа постапка е согласно Законот. Објасни дека и од таа причина беше одржана 5-та Јавна седница. Не знае кој го осмислил Законот во овој дел, но веројатно со тоа е дадена максимална можност за да не дојде до евентуална злоупотреба, па на повеќе пати да биде одземањето на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

**Разно**

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фиданоски побара дискусија под Точка Разно. Објасни дека како и секогаш иако ненајавено, еднакво на сите има дава можност да дискутираат и се гордее со таквиот начин на работа на Советот.

Г-дин Фиданоски рече дека сака да ја искористи оваа прилика од денешната седница за јавно да упати апел и еден предлог до Агенцијата. Со оглед на ново настанатата ситуација, не само кај нас туку и во светот воопшто, а според информациите кои денес успеал да ги разгледа по региони, предложи дека можеби би било од корист да се испрати допис од страна на Агенцијата и јавен апел до надлежните институции, заради отсуството на учениците од наставата еден од каналите на јавниот сервис да биде искористен во најголем дел за образовна програма којшто ќе им помогне во образовниот процес односно во наставната програмата во оваа учебна година. Смета дека ова ќе биде од полза со оглед дека училиштата не работат. Од оваа идеја е поттикнат од она што го прочитал утринава дека во Хрватска е донесена одлука HRT3 нон стоп да емитува образовна програма колку што е можно повеќе адаптирана на програмата која е потребна за образование со цел да нема голем недостаток кај учениците. Од тие мотиви е поттикнат ова да го предложи односно да упати јавен апел и доколку сметаат дека е потребен и допис би било добро да се известат институциите бидејќи согласно член 2 од ЗААВМУ Советот и Агенцијата треба да се грижат за образовниот развој на некој начин во државата. Па во тој домен го предлага ова негово укажување.

Г-дин Петрушевски рече дека прво што му паѓа на ум е да се координираат за ова со МРТ.

Г-дин Трајчевски рече дека денес во текот на денот дал изјава за ТВ Алсат во насока да сите радиодифузери и комерцијалните да известуваат без ширење на дезинформации и пропаганда со која би предизвикувале паника кај населението. А за јавниот сервис препорачал бидејќи тоа е надлежност на Програмскиот совет на МРТ, да размисли за оваа идеја бидејќи Агенцијата не може на јавниот сервис да му наложи, за тоа е надлежен Програмскиот совет на јавниот сервис. Доколку членовите на Советот се согласат, може да им се испрати допис до Програмскиот совет.

Г-дин Петрушевски рече бидејќи г-дин Фиданоски тоа што го кажал се поклопува со ова што директорот го кажал во изјавата за ТВ Алсат, предложи да се поддржи како заклучок на Советот предлогот од г-дин Фиданоски и да се испрати допис до Програмскиот совет, да им се препорача што можат тие да направат во оваа насока.

Г-дин Фиданоски рече дека го поздравува ова што го кажал г-дин Трајчевски. Се согласи дека апсолутно Агенцијата и Советот не може да им наложат туку им предлагаат согласно новонастанатата ситуација, да ја адаптираат програмата во поголем дел на еден од каналите во рамките за оваа намена.

Г-дин Петрушевски ги праша членовите на Советот дали се согласуваат да се усвои предлогот на г-дин Фиданоски малку модифициран, да одат со допис до Програмскиот совет.

Г-дин Трајчевски рече дека тој допис треба да биде со препорака.

Советот на Агенцијата во врска со дополнителните мерки и активности на Владата за превенција од ширење на корона вирусот, да се прекине воспитно – образовниот процес и наставата, едногласно донесе заклучок:

- да се испрати допис до Програмскиот совет на Македонската радио – телевизија со препорака на еден, или ако има можност на повеќе сервиси, МРТ да емитува воспитно-образовна програма наменета за деца од предучилишна и училишна возраст.

Секторот за програмски работи да го подготви горенаведениот допис.

Г-дин Петрушевски на крајот посака сите присутни да бидат здрави, и исто така да се согледа можноста во наредниот период да бидат попрактични околу спроведувањето на мерките за заштита од вирусот.

**Бр.02-1116/6**
**25-03-2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**